# П Р И Р А Ч Н И К

за

# ТЕМЕЛНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ НАЧЕЛА ВО НОВИНАРСКАТА ПРОФЕСИЈА

ИЗДАВАЧ: Совет за етика во медиумите на Македонија
бул. Теодосиј Гологанов 54-2, Скопје, Македонија
www.semm.mk

ЗА ИЗДАВАЧОТ: д-р Марина Тунева

АВТОР: проф. д-р Дејан Донев

ЛЕКТОР: Лидија Антоновска

ДИЗАЈН: Љубомир Кирков

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, во рамки на проектот „Набљудување на демократијата 2015: политички плурализам во медиумите пред и за време на избори". Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

ЦИП КАТАЛОГИЗАЦИЈА

# С О Д Р Ж И Н А


1. (ДЕ) ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО
2. ТЕМЕЛНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ НАЧЕЛА ВО НОВИНАРСТВОТО И РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ СЕММ
3. ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ ВО НОВИНАРСТВОТО И „РАЗБУДЕНА ЈАВНОСТ“ ЗА ФУНКЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТИЈА
4. ДОДАТОК

## 1. (ДЕ) ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО

Новинарството, како јавна дејност, во чија основна димензија доаѓа до израз јавната одговорност, спаѓа во најистакнатите, но тешки и особено одговорни професии на денешницата, подлежни на ригидна етичка оценка и вреднување. Оваа голема јавна одговорност доаѓа од фактот што грешките во новинарството не можат да се скријат. Тие се веднаш видливи и ги слушаат, гледаат, читаат голем број на луѓе. Затоа е во право Макс Вебер кога вели дека новинарството е (треба да биде) високоодговорна професија, речиси еднакво одговорна како и професијата на научниците, со своја професионална етика која се однесува на моралните проблеми и специфичните обврски во извршувањето: „одговорноста е голема и кај секој чесен новинар чувството на одговорност во просек е изразено онолку колку и кај научникот, затоа што по природа на нештата токму неодговорното новинарско дејствување останува во сеќавање поради лошиот учинок“[4]. Впрочем, степенот на изразена грижа за етичките стандарди во извршувањето на професијата е она што ги обединува сите барања до статус на професија.

И во македонската медиумска реалност, информациите кои ги пласираат новинарите и медиумите, се и треба да бидат засновани на основните постулати на етичното новинарство: вистинитоста, објективноста, навременоста, точноста... Само тогаш може да се прифати дека новинарството, а и медиумите, професионално ја извршуваат својата дејност и со голем степен на одговорност. Во спротивно, новинарите и медиумите секогаш ќе доаѓаат во служба на различни интереси и ниски страсти. А за депрофесионализацијата на новинарството[5] во Р. Македонија сведоци сме одамна: се уки-

4 Max Weber, Vlast i politika, Naklada Jesenski i Turk & Hrvatsko sociološko društvo, Zagreb 1999, str. 180. http://popara.mk/wp-content/uploads/2011/11/Vlast-i-politika_Max-Weber.pdf. Датум на пристап: 21.04.2016.

5 За овој проблем алармираат и светските експерти и научна јавност. Во

нува новинарската автономија преку нарачани текстови; се подредува професијата на притисокот на (политичкиот) пазар; едноставно станува место за пласирање на (не)вистини и (квази)факти на оној кој пишува, оној кој стои зад него, а не јавниот интерес.

Претходното потврдува дека никој освен новинарот не може да биде морален субјект во дејноста која ја врши. Но нејзиното извршување бара следење на одреден број морални норми кои ја гарантираат професионалноста во работењето. Токму затоа вакво навраќање кон „новинарската азбука" преку Прирачникот, кој треба да биде содружник-потсетник во секојдневната новинарска практика, но и морален барометар за нивото на новинарската професионалност.

Основната идеја е да потсети на темелните начела на кои почива оваа дејност, а во кои се содржани сите останати морални принципи кои се нужни во секојдневното извршување на задачите на новинарите и медиумските работници. Истите, по начелното скицирање и објаснување на секое од четирите начела, се поткрепени со „студија случај" од работењето на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија. Дадени се по неколку примери од досегашните одлуки на Комисијата по добиените жалби од страна на граѓани, претставници на граѓански здруженија, претставници на академската заедница, Народниот правобранител, Кабинетот на претседателот на државата, ОБСЕ, новинари..., за прекршување на етичките начела во новинарското работење[4]. Сосема на крај од публикацијата, во Заклучокот, претставени се и основните цели на дебатите кои досега беа организирани во неколку градови во Македонија за припадниците на новинарската фела, но

---

прилог говори и најновиот извештај на Reporters without borders. https://rsf.org/en/macedonia. Датум на пристап: 21.04.2016.

4 Одлуките и мислењата на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија може да се најдат на следнава интернет страница: http://semm.mk/komisija-za-albi/odluki-i-mislenja. Датум на пристап: 04.05.2016 година.

и пошироката јавност. Тие се дадени во облик на појдовни идеи за понатамошната работа на СЕММ, но и морален развој на новинарската професија во Македонија. Во Додатокот понудени се главните документи од кои се води Комисијата за жалби при СЕММ во своето работење.

Сметаме дека на овој начин, со овој „Прирачник за темелните професионални начела во новинарската професија", кој претставува одраз на нашето досегашно дејствување и остварување на поставените цели, ќе се подигне нивото на професионалност во новинарското работење во Р. Македонија. Подигнувањето на свеста и совеста на новинарите и медиумите, но и јавноста, за професионалните, односно етичките стандарди кои новинарската бранша треба да ги почитува, сметаме дека ќе овозможи создавање на амбиент за самокритичност, самосвесност и отчетност на медиумите во заштитата на интересите на јавноста, но и правото на истата да биде информирана.

## 2. ТЕМЕЛНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ НАЧЕЛА ВО НОВИНАРСТВОТО И РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ СЕММ

Новинарството, како облик на јавна дејност, својот степен на професионализам го изразува преку почитувањето на професионалните начела во кои подетално се содржани и јасно дефинирани останатите принципи на етично работење во професијата. Се работи за следниве четири начела на професионално работење кои ја гарантираат светоста на оваа професија, а се изразени во Меѓународниот етички Кодекс на новинари (попознат како Минхенска декларација):

- правото на јавноста на информирање и одговорност на новинарот;

- слободата како услов за информирање;
- вистината како централна вредност во информирањето;
- почитувањето на човековата личност.

1. **Правото на јавноста на информирање и одговорност на новинарот** е основна слобода на секое човечко суштество. Впрочем, новинарската професија својот легитимитет во општеството го црпи токму од правото на јавноста да биде информирана за настани и мислења. Информацијата ѝ припаѓа на јавноста на која новинарот ѝ полага сметка! И тоа е она суштинското за во ова начело да бидат инкорпорирани низа прашања како што се: остварувањето и границите на слободата на информирањето, правото на печатење и на критикување, правото да се трага по информација, како и цела низа на одговорности кои произлегуваат од истите.

Случај 1

*Кабинетот на Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов во 2015 година поднесе претставка до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) во однос на содржина објавена во дневниот весник „Вест" со наслов „Иванов во изолација на Водно". Во истата, во согласност со претставката на Кабинетот, се смета дека авторот на написот своите тврдења ги темели врз основа на нецелосни информации, на непринципиелна селекција на факти, односно низ манипулативно и селективно толкување е направена конструкција со цел дезинформирање на јавноста и искривување на перцепцијата за работата на македонскиот претседател. Со тоа текстот не кореспондира со вистината и грубо ја дезинформира јавноста, нарушувајќи ги етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите на Македонија.*
*Во својата одлука Комисијата за жалби при СЕММ најде дека претставката*

*е неоснована во согласност со член 3 од Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите на Советот на Европа, потоа член 16 од Уставот на Р.М., членот 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, пресудата на ЕСЧП во случајот Dalban против Романија од 1999 година, како и преамбулата на Кодексот на новинари. Текстот е професионален, етички, професионалните стандарди се испочитувани, а истиот се однесува на тема која е од јавен интерес.*

2. **Слободата како услов за информирање** е императив за целосно реализирање на правото на јавноста да биде информирана. Мора да се признае и овозможи професионална независност на новинарот, заштита на професионалниот интегритет на новинарот, како и признавање на достоинството на новинарската професија. Оттука, логично е во ова начело да бидат содржани и правото новинарот да не смее да стекнува никаква дополнителна материјална корист од извршувањето на својата професија, умешноста да не се потпадне под притисоци, како и разликувањето на рекламните од новинарските прилози. Бидејќи се работи за начело поврзано со самиот морален носител на професијата – новинарот, тука спаѓаат и правото на приговор на свеста, правото на новинарот да одбие нешто што медиумската куќа го наметнува спротивно на општата политика на работење, како и почитувањето интегритетот на изворот и авторските права.

Случај 2

*На почетокот на 2015 година, до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) поднесена е преставка од Мисијата на ОБСЕ во Македонија во однос на дадена изјава во живо на Миленко Неделковски за Дневникот на ТВ Сител на маргините на настанот „Граѓанско движење за Македонија" и во која*

*„помината е црвената линија во говорот на омраза, што е дејство што не смее да се толерира“.*

*Во својата одлука Комисијата за жалби при СЕММ најде дека претставката е основана, при што повредени се членовите 10 и 11 од Кодексот на новинарите на Македонија, потоа член 10 став 2 од Европската конвенција за човекови права, препораката R(97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“” од 1997 година, но и Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Pavel Ivanov против Русија, жалба бр. 35222/04, одлука за допуштеност од 20 февруари 2007 година. Исто така, Комисијата при ценењето на доказите и утврдувањето на фактичката состојба ги зеде предвид намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица.*

3. **Вистината како централна вредност во информирањето**, врвот на моралните обврски на новинарот, што значи точни, проверени информации дадени на непристрасен начин, мислења изложени чесно, без предрасуди и веродостојно новинарско известување во кое се води сметка за самата автентичност на информацијата. Како што се наведува во Минхенската декларација: „новинарот мора да ја почитува вистината, без разлика на последиците по него, поради правото на јавноста да ја дознае вистината“. Токму затоа овде се опфатени и правото на точна, навремена, вистинита, објективна обработка на информациите, но и должноста на исправки, како и одбивањето на нечесни методи во работењето.

*Случај 3*

*Кон крајот на 2015 година до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) поднесена е преставка од ЈЗУЗД Велес во однос на содржина објавена на интернет порталот Plusinfo.mk. под на-*

*слов „Брза помош во Велес превезува – профит!". Во истата ЈЗУЗД Велес наведува дека со објавениот текст се шират лаги и дезинформација во јавноста со што се нарушува угледот на Јавната здравствена установа, а особено на службата за итна медицинска помош. Со непрофесионалното однесување на медиумот се наштетува на угледот на целиот здравствен систем и се предизвикува непотребен револт кај населението и кај вработените во итната медицинска помош.*

*Во својата одлука Комисијата за жалби при СЕММ најде прекршување на членовите 1, 3 и 4 од Кодексот на новинарите на Македонија констатирајќи дека претставката е основана.*

4. **Почитувањето на човековата личност** како едно од најзначајните вредносни одредници, во чии рамки спаѓа правото на почитување на приватниот живот, како и правото на заштита од повреда на честа, клевета и навреда. Токму затоа во ова начело е содржана и забраната за дискриминација поради расни, полови, религиски и други разлики. На овие две треба да се придодаде и претпоставката на независност, како и почитување на жртвите во јавност.

Случај 4

*До Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) кон крајот на 2014 година беше поднесена преставка од Народниот правобранител во однос на текстови објавени и пренесени на интернет порталите: Република, Прес24, Курир, како и Плус24, но и на неколку други забавни и локални портали. Во истата се наведува дека тоа се написи во кои со ироничен тон се исмејуваат припадниците на ромската задница, односно медиумите со објавувањето создаваат испревртена слика за Ромите во однос на имињата кои ги даваат на своите деца. Комисијата за жалби при СЕММ во својата одлука дека претставката е основана појде од прекршувањето на членовите 7, 9 и 10 од Кодексот на новинарите на Македонија констатирајќи дека објавените текстови не изнесуваат содржини од*

*јавен интерес, туку, напротив, се прави дискриминација на дете од ромска националност. Едновремено во одлуката се потсетува и дека третирањето на децата во медиумите, освен во новинарскиот Кодекс, е регулирано и со Конвенцијата на ООН за правата на детето, како и со општоприфатените стандарди кои наложуваат дека е строго забрането манипулирање со детските емоции, инсистирање на повторно преживување на траумата и објавување на идентитетот на детето.*

## Случај 5

*До Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) средината на 2015 година беше поднесена претставка од Даниел Калајџиски во однос на објавени фотографии на интернет порталот plusinfo.mk. Во истата се наведува дека со објавувањето на фотографиите е повредена приватноста и дека објавувањето вакви фотографии од покојната личност претставуваат нејзино непочитување, како и непочитување на болката на нејзиното семејство и најблиски. Комисијата за жалби при СЕММ во својата одлука дека претставката е основана појде од прекршувањето на членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија, а во корелација со препораките на Светската здравствена организација за превенција на самоубиство (NLMclassification: HV 6545), каде се вели дека треба да се избегне експлицитен опис на користениот метод при извршено или обид за самоубиство. Истата, и по разгледувањето на предложените текстови од уредникот на порталот од известувања на светски познати медиуми, кредибилни медиуми во регионот, но и македонски медиуми, за настани од слична природа (конкретно, за самозапалување на лица), констатираше дека насловот заедно со фотографиите се смета за сензационалистичко известување за несреќниот настан и истиот не може да биде претставен како настан од јавен интерес пренесен во детали.*

## Случај 6

*На почетокот на 2016 година до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) коалицијата „Сексуални здравствени права на маргинализирани заедници“, ХОПС – Опции за здрав живот и Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР поднесе претставка во однос на емитуваната емисија „Во центар со Васко Ефтов: Проституцијата во Македонија“ на ТВ Канал 5. Во истата се наведува дека во емисијата авторот ја обработува темата сензационалистички, еднострано и морализаторски и притоа не ги заштитува личните податоци на сексуалните работници кои, како што е наведено, ги снима без нивно знаење и дозвола, што може да придонесе кон нивна стигматизација и евентуално загрозување на нивната безбедност. Комисијата за жалби при СЕММ во својата одлука дека претставката е основана појде од прекршувањето на членовите 7, 10, 11 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, потоа членот 8 од ЕКЧП за правото почитување на приватниот и семејниот живот, па пресудата на ЕСЧП E.B. v France 3546/02 (во делот на параграф 43), членот 4, точка 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и членот 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Согласно направениот увид во обжалената емисија Комисијата констатираше дека неспорно е што авторот се обидува да создаде содржина која ќе наметне дебата во јавноста за општествена појава, но дека тоа го прави вон новинарските професионални стандарди со генерализации, при што честопати индивидуалните размислувања ги камуфлира како факти, наместа се исмева кон социјално-ранлива група и не води сметка за заштита на податоците на снимените личности.*

# 3. ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ ВО НОВИНАРСТВОТО И „РАЗБУДЕНА ЈАВНОСТ" ЗА ФУНКЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

Знаејќи дека секоја демократија бара „живо" новинарство кое е хумано и вредно, но и сестрано ангажирано, без морална поставеност на новинарството во Р.Македонија, илузорно е да се очекува добро функционирање и развој на демократијата во општеството. Токму затоа повеќе од потребно е професионално новинарство како суштински елемент за функционална демократија и остварување на интересот и правата на граѓаните за пристап до вистинити и објективни информации.

Прифаќањето на одговорноста од страна на медиумите и новинарите во однос на јавноста дека информациите мораат да бидат вистинити, јасни и недвосмислени, укажува дека новинарите ја имаат обврската за почитување и бранење на правата на таа јавност. Но уште повеќе, тие сега се и на „испит" во однос на создавање на јавност која ќе биде критична, медиумски описменета, демократски освестена, со јасно дефинирано право на изразување на мислењето, давање на коментари и упатување на критики. Само ваква јавност, која ја има критичката, а не манипулативната функција е примарна задача во постоењето на вистинското, професионално новинарство. Во спротивно, ќе се отвори  можноста за (политичка) контрола на јавноста и тогаш наместо „разбудена" јавност, ќе добиеме контролирани институции на јавноста кои обезбедуваат можност за управување, структурирање и контролирање на јавното мнение.

Водени од ваква идеја, Советот за етика во медиумите на Македонија од своето започнување со работа во септември 2014 година до денес организираше низа дебати низ Македонија (Куманово, Штип, Струмица, Тетово, Гостивар, Битола, Охрид, Прилеп,

Велес, Кавадарци, Гевгелија), на кои главна поента беше отворањето можност за критичко „будење" на јавноста, што е неразделно со целите на професионалното новинарство. Имено, реакцијата на граѓаните е најдобар начин да се влијае на исполнување и задржување на професионалните стандарди во медиумите.




Во согласност со главната цел на СЕММ - поголем степен на почитување на етичките стандарди во новинарството, како и поедноставен пристап на јавноста (граѓани, институции и правни лица) до раководствата на медиумите, кога ќе се почувствува некаква повреда на дел од правата или непрофесионално известување, на овие дебати на кои учествуваа претставници на организации на граѓанското општество, медиумските институции и новинари, како и пошироката јавност, од страна на членовите на Управниот одбор, од Комисијата за жалби и од Извршната канцеларија беше претставена и објаснета работата на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со цел поттикнување на граѓаните да реагираат на неправилностите во известувањето во медиумите.




Под главното мото на СЕММ – „Колку повеќе саморегулација, толку помалку (државна) регулација", оваа серија дебати беше искористена и за промовирање на принципот на саморегулација во медиумите како принцип кој доведува до поголема професионалност и етички стандарди во новинарството. Во дискусиите беа презентирани и расчистени дилемите дали и колку саморегулацијата е потребна и корисна, кои се разликите меѓу саморегулацијата и регулацијата, кои се разликите меѓу Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија и Советот за етика, како саморегулацијата може да доведе до намалување на судските постапки за клевета и навреда или како одлуките на СЕММ може да бидат користени и во суд при вакви постапки, како саморегулацијата доведува до поголема доверба на граѓаните во медиумите и поголема професионалност на самите медиуми и како сето тоа придонесува за заштита на основните човекови права и слободи и јакнење на медиумите како четврта власт.




Едновремено, беа презентирани и поинтересните случаи кои досега беа обработувани од комисијата на СЕММ, со цел попластично да им се објасни на присутните работата на ова тело на Советот, а беше објаснет и ефектот на медијацијата што е една од главните алатки што ги применува Советот при решавање на пријавите за непрофесионално и неетичко новинарство.



На овие трибини освен што се зборуваше за начините на кои дејствува СЕММ во врска со случаите на непрофесионално и неетичко новинарство, се посвети и доволно време за споделување на досегашните искуства на Советот за етика во соработката со слични тела во меѓународни рамки.

# 4. ДОДАТОК

КОДЕКС НА МЕЃУНАРОДНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА НОВИНАРИ[4]

1. Почитувањето на вистината и на правото на јавноста да дојде до вистината е првата задача на новинарите;
2. Во согласност со оваа обврска, новинарот во секое време треба да ги брани принципите на слободата во текот на чесниот процес на собирање и објавување вести и на правото на фер коментар и критика;
3. Новинарот ќе известува само во согласност со фактите на кои тој/тaa им го знае потеклото. Новинарот не смее да потисне суштински податоци и да фалсификува документи;
4. Новинарот ќе се служи само со чесни методи за да добие вести, фотографии и документи;
5. Новинарот ќе го стори сé за да ги поправи сите објавени информации кои се неточни и може да предизвикаат штета;
6. Новинарот ќе ја почитува професионалната доверливост во однос на изворот на информации;
7. Новинарот треба да биде свесен за опасноста од дискриминација што може да се поткрепи и од медиумите и треба да направи се за да избегне да ја поткрепи таквата дискриминација, меѓу другото,

4 Декларацијата за принципите на однесување на новинарите на Меѓународната федерација на новинарите е усвоена на Светскиот конгрес на Меѓународната федерација на новинари -. ИФЈ во 1954 година, а изменета на Светскиот конгрес во 1986 година. Истата се определува како стандард за професионално однесување на новинарите кои се ангажирани во собирање, пренесување, ширење и коментирање на вести и информации во опишувањето на настаните. Преземено од интернет страницата: http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/. Датум на пристап: 25.04.2016.

врз основа на раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго мислење и национално или социјално потекло;
8. Новинарот ќе ги смета за сериозен професионален прекршок следниве работи: плагијати; малициозно лажно претставување; клевети, клеветење, неосновани обвинувања; примање поткуп во каква било форма заради објавување или потиснување информација;
9. Новинарите кои се достојни да се носители на оваа професија ќе сметаат дека е нивна должност верно да ги почитуваат принципите наведени погоре. Во рамките на општото право на секоја земја, новинарот ќе признае дека во стручните работи се надлежни неговите колеги, исклучувајќи секаков вид мешање од страна на владите или другите.

## КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

## ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ:

- Слободата на медиумите е неприкосновено право;
- Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија;
- Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни;
- Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите;
- Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно;
2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста;
3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на ис-

правка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата;

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити;

5. Новинарот ќе ги почитува законите во дрожавата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес;

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата;

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост;

8. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда;

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат;

10. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…);

11. Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општест-

вени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија;

12. Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот;

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот;

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти;

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста;

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги;

17. Новинарот има право да одбие работна задача до колку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација. Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание. За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.

Советот за етика во медиумите, на почетокот на 2016 година, покрена иницијатива за потпишување Повелба за етичко известување за изборите, која ја прифатија и потпишаа стотина медиуми во државата. Оваа иницијатива на СЕММ за Повелбата за етичко известување произлезе од потребата од заедничко мобилизирање во насока на стремежите кон постигнување независност во новинарството. Текстот на Повелбата се заснова на најважните и универзални принципи на професијата, содржани во документи и публикации на Меѓународната федерација на новинарите, Иницијативата за етичко новинарство, Фондацијата Ројтерс, Репортери без граници, Член 19, итн.





ПОВЕЛБАТА НА СЕММ ЗА ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗБОРИТЕ[4]

Ние, новинарите, уредниците и раководството на медиумите, почитувајќи го правото на јавноста да биде објективно, вистинито и навремено информирана и имајќи целосна одговорност и свесност за улогата на медиумите околу претстојните парламентарни избори во државата, ја прифаќаме оваа Повелба и сме согласни дека во работата на нашите медиуми ќе се почитуваат следниве принципи:

**Принципите на вистинитост и објективност**
- Што подразбира потрага по вистината и коректно известување, преку пренесување на фактите на јасен и недвосмислен начин. Во случај на објавување погрешни информации, медиумот ќе стори се за да ги коригира таквите информации.

**Принципот на избалансираност**
- Што подразбира претставување наразличните ставови и гледишта во вистинскиот контекст и без заземање страна кон кој било кандидат, партија или коалиција.

**Принципот на јасна дистинкција меѓу информациите и коментарите**
- Што подразбира дека информациите ќе се обликуваат на начин што на публиката ќе и биде јасна разликата меѓу фактите и гледиштата и мислењата.

**Принципите на чесност и независност**
- Што подразбира дека медиумот ќе користи чесен пристап водобивањето информации и во нивното презентирање, избегнувајќи сензационалистички прикази на темите и настаните, како и погрешни

4 Преземено од интернет страницата: http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/204-2016-01-27-13-41-21. Датум на пристап: 25.04.2016.

претпоставки кои би можеле да ја доведат јавноста во заблуда.

**Принципот на професионална солидарност**
- Во својата работа медиумот ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да дејствува на начин што ќе значи пресметка со другите медиуми и колеги.

**Принципот на уредувачка независност и професионален интегритет**
- Медиумот се обврзува да известува на начин што ќе биде независен од какви било лични гледишта, надворешни интереси и влијанија што би можеле да ја поткопаат уредувачката независност и професионален интегритет.

**Принципот на почит и толерантност**
- Што подразбира почит на достоинството, угледот, правата и личниот интегритет на поединците во информирањето на јавноста. Медиумот во своето известување нема да се служи со стереотипи, предрасуди и потценување по која било основа и нема да се служи со говорот на омразата и потпалувачки говор.

**Принципот на слобода и одговорност**
- Што подразбира дека слободата им наметнува одговорност на медиумите за формата и содржината на пораките што ги упатуваат кон јавноста и последиците кои произлегуваат од нив врз поширокото општествено опкружување.

Потписниците на оваа Повелба се согласни дека ќе се придржуваат до нејзините принципи и активно ќе се залагаат за афирмирање на етиката и професионалноста во известувањето.